Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-ѓ став 2 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 10–та седница одржана на ден __04.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на член на Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Маја Демерџиева.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Маја Демерџиева до Општина Велес доставено е Барање за иземање од функцијата заменик – претседател на Управниот одбор при ЈКП „Дервен“ Велес со арх.бр.09-1800/1 од 02.04.2026 година.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.11.2023 година донесе Решение за именување членови на управен одбор во ЈКП „Дервен“ Велес со арх.бр.25-4676/29 од 15.11.2023 година со кое се именува Маја Демерџиева.

Поради избор на Маја Демерџиева за член на Советот на Општина Велес со Одлука за верификација на мандат на членови на Советот на Општина Велес со арх.бр. 25-5155/2 од 06.11.2025 година, постои неспоиливост на функцијата на член на Советот и член на Управен одбор во јавното претпријатие основано од општината.

Согласно член 17-ѓ став 2 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22, 274/22 и 208/24):

„Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

1. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4676/28
15.11.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.618**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на управен одбор во ЈКП „Дервен" Велес**

Се објавува Решението за именување членови на управен одбор во ЈКП „Дервен" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.11.2023 година.

Број 08-4690/28
16.11.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06,03/09,18/10, 15/14,15/18 и 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.11.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на управен одбор во ЈКП „Дервен" Велес**

1. Со ова Решение се именуваат членови на управен одбор во ЈКП „Дервен" Велес:

Димче Крстовски,
Маја Демерџиева,
Билјана Ангелова и
Александар Каракачанов.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4676/29
15.11.2023 година
Велес

Претседател
ветот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.619**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за распишување Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес (трет пат)**

Се објавува Одлуката за распишување Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес (трет пат), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.11.2023 година.

Број 08-4690/29
16.11.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

До
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
-За Претседател Г-н Даниел Јаневски

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20__ год.
Потпис.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Прим. 02-04-2026
09-1800/1 1

БАРАЊЕ

Предмет – Барање за иземање од функцијата заменик-претседател на Управниот одбор при ЈКП ДЕРВЕН Велес

Почитувани,

Поради функцијата советник во Советот на Општина Велес потврдено со Уверение бр.11-186/7 од 29.10.2025 година барам да бидам иземена од функцијата заменик-претседател на УО при ЈКП ДЕРВЕН Велес поради судир на интереси.

Од оваа причина поднесувам оставка поради неспоивост на двете функции.

Ви благодарам на разбирањето

Дата
02.04.2026 г.

Маја Демерџиева